Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-35/2
13.03.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-782/1 од 6.11.2023 година поднесена од [redacted] Синдикатот на Полиција во Македонија – [redacted] против Министерството за внатрешни работи, за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.2.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи врз [redacted] Синдикатот на Полицијата во Македонија [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-782/1 од 6.11.2023 година, од страна на [redacted] Синдикатот на Полиција во Македонија [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус, политичка припадност и други видови уверувања во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи.

Подносителот на претставката за заштита од дискриминација [redacted] Синдикатот на Полицијата во Македонија и е вработен во Министерството за внатрешни работи на работно место Самостоен инспектор за разузнавање. Тој наведува дека на 25.8.2023 година била одржана главна расправа по предлог за поведување на постапка за дисциплинска одговорност против подносителот на претставката, при што на расправата бил изготвен записник на кој согласно наводите од претставката, било потенцирано дека предметната расправа и предлог се водат спротивно на член 196 од Законот за внатрешни работи и КД на МВР, односно дека за сторена повреда за период од повеќе од 12 месеци не може да се одговара дисциплински, поради апсолутна застареност. Дополнително е наведено дека на расправата по предлогот за поведување на постапка за дисциплинска одговорност биле изведени докази од одбраната со примери за констатирана застареност во поглед на водењето на дисциплинска постапка.

Подносителот на претставката наведува дека Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност при СВР Велес по завршувањето на расправата на 25.8.2023 година воопшто не пристапила кон советување и гласање и не ја утврдила одговорноста на подносителот со мнозинство гласови при што исто така не изготвила писмен предлог за утврдување на дисциплинската одговорност до Министерот за донесување на решение, односно целиот предмет го доставила до правната служба на МВР спротивно на член 237 од КД на МВР. Оттука, подносителот тврди дека врз основа на вака спроведената постапка, Министерот за внатрешни работи донел незаконско решение со кое на [redacted] СПМ [redacted] му се изрекува „распоредување на работно место во едно ниво пониско од нивото на работното место на кое

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дотогаш работел, согласно класификацијата на работните места". Притоа, подносителот на претставката истакнува дека во самото решение за изрекување дисциплинска одговорност се изнесени невистините факти кои воопшто не биле предмет при водењето на дисциплинската постапка, ниту пак се утврдени како повреда во предлогот за поведување постапка за дисциплинска одговорност.

Во продолжение на претставката истакнати се и наводи за компаратор, каде што при водење на иста постапка, за истите повреди на работен ред и дисциплина и при исти околности од страна на Министерот за внатрешни работи било донесено решение со кое предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против работникот [redacted], кој воедно е и [redacted] на Синдикатот на Полиција во Македонија бил запрен заради застареност. Притоа, подносителот истакнува дека и двата предлога за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност се идентични во поглед на нивната содржина и повреда која им се става на товар и дека незаконски издаденото решение е со намера да му се наштети на подносителот на претставката Орце Коцевски.

Во прилог на претставката беа доставени и:

- Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност број 22.23.3-1822/2 од 14.3.2023 година;
- Решение број 22.6.1.1-95100/1 од 7.9.2023 година за [redacted]
- Решение број 22.6.1.1-80151/1 од 14.7.2023 година з[redacted]
- Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност број 22.22-1445/3 од 14.3.2023 година за [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.11.2023 година испрати Известување бр. 08-782/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

На ден 4.1.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-35/1.

Во однос на наводите на подносителот на претставката дека настапила апсолутна застареност согласно член 196 од Законот за внатрешни работи на повредата за донесување на решение, од Министерството за внатрешни работи тврдат дека подносителот на претставката [redacted] сторил кршење на работниот ред и дисциплина на начин што на 9.9.2022 година, претставувајќи се како лице кое го застапува и претставува Синдикатот на полицијата на Македонија, пропуштајќи да ги прикаже сите факти и околности во однос на начинот на кој бил запишан синдикатот во Централниот регистар, го довел во заблуда министерот за внатрешни работи и потпишал договор за внесување на синдикална членарина помеѓу МВР на РСМ, претставувано од министерот Оливер Спасовски и Синдикатот на полицијата на Македонија, претставуван од[redacted] Оттука, во произнесувањето истакнуваат дека конкретната повреда е сторена на ден **9.9.2022 година**, со што објективниот рок за донесување на решение истекува на 9.9.2023 година.

Во однос на наводите дека за истиот настан во полза на друг полициски службеник – [redacted] е донесено решение за запирање на постапката поради застареност, од страна на Министерството за внатрешни работи наведуваат дека именуваното лице не се товари за иста повреда на работниот ред и дисциплина. Имено, во случајот на [redacted] е истакнато дека настапила застареност за донесување на соодветно решение во дисциплинска постапка, поради фактот што тврдат дека повредата на работниот ред и дисциплина од негова страна била

сторена на **3.3.2020 година**, согласно што објективниот рок за донесување на решение за утврдување на дисциплинска одговорност истекол на 3.3.2021 година.

Во однос на наводите на подносителот дека на 25.8.2023 година била закажана и одржана расправа и дека по нејзиното завршување Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност воопшто не пристапила кон советување и гласање, при што е наведено дека не изготвила писмен предлог за утврдување на дисциплинска одговорност и предметот бил доставен до правната служба на МВР, истите ги отфрлаат како неосновани образложувајќи дека Комисијата спровела советување и гласање уште истиот ден за што изготвила Записник за советување и гласање бр. 22.23.3-1822/2, а дополнително бил изготвен и предлог за донесување на решение од Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, по што предметот бил доставен за натамошно постапување со цел изготвување на решение од спроведената дисциплинска постапка.

На крај на произнесувањето, од Министерството за внатрешни работи истакнуваат дека по однос на наведените околности, подносителот на претставката за заштита од дискриминација има поднесено приговор на донесеното решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како надлежен орган за одлучување по приговорите за законитост на постапката.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за разликување на подносителот на претставката [redacted] во однос на друг вработен полициски службеник [redacted] при постапката и носењето на решение за утврдување на дисциплинска одговорност, со тоа што согласно прибавените докази, Комисијата констатира дека станува збор за повреди на работниот ред и дисциплина кои настанале во различни временски периоди, со тоа што за компараторот [redacted] настапила застареност согласно член 196 став 3 од Законот за внатрешни работи (Службен весник број 89/2022) кој гласи:

*„(3) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на работникот, министерот е должен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е сторена повредата.".*

Притоа, ден на пријавување согласно член 196 став 4 од Законот за внатрешни работи претставува:

*„(4) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност од овластен подносител."*

Во случајот на подносителот на претставката [redacted], предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бил поднесен на 14.3.2023 година, при што подносителот се товари за повреда на работниот ред и дисциплина сторена на 9.9.2023 година. Оттука, решението со кое се утврдува дисциплинска одговорност на подносителот е донесено на 7.9.2023 година, со тоа што објективниот рок од 12 месеци од денот на сторувањето на повредата не е истечен. Од друга страна, кога станува збор за наведениот компаратор [redacted] предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бил исто така поднесен на 14.3.2023 година, меѓутоа истиот се однесува на повреда на работниот ред и дисциплина која полицискиот службеник [redacted] ја сторил на 3.3.2020 година. Следствено на ова, на 14.7.2023 година е донесено решение со кое предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност се отфрла за застареност, ценејќи го фактот дека изминал период подолг од 1 година од сторувањето на повредата до носењето на решението од страна на Министерството за внатрешни работи.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
13.3.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје